Бр./Nr 12-166/11
05-05-2026 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-1984/1 од 17.07.2025 година, оформен по пријава со наводи за нерегуларности во постапка за вработување во ЈОУ Дом на културата „----------" - --------, а во врска со објавениот јавен оглас бр. ---- за вработување на (1) извршител, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување по предметот од причина што за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-1984/1 од 17.07.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата, по електронска пошта на ден 17.07.2025 година, поднесена е пријава од познат подносител со наводи за нерегуларности во постапка за вработување во ЈОУ Дом на културата „-------" – --------, по што е оформен предмет број 12-1984/1 од 17.07.2025 година.

Во пријавата се наведува дека директорот на установата објавил јавен оглас бр.---- за вработување на едно лице на работно место ------, при што, според наводите на подносителот, било извршено политичко влијание врз Комисијата за спроведување на постапката за избор, со цел фаворизирање на одреден кандидат при спроведувањето на интервјуто.

Со цел проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара информации и документација од ЈОУ Дом на културата „------“ – ------, Министерството за култура и туризам и Државниот инспекторат за труд.

Од прибавената документација ДКСК утврди дека ЈОУ Дом на културата „-------“ – ------- на ден 25.06.2025 година објавил јавен оглас за вработување на едно лице на неопределено време на работно место -------. Имајќи предвид дека во установата нема раководни лица кои може да бидат именувани за членови на комисија, согласно член 77-ѓ од Законот за културата, директорот побарал од Министерството за култура и туризам да формира Комисија за спроведување на постапката, по што од страна на Министерството биле определени претседател, членови и нивни заменици. Комисијата извршила административна селекција, проверка на веродостојноста на доказите и интервју со кандидатите, составила записник и предложила кандидат за избор, врз основа на што директорот донел одлука за избор.
Незадоволниот кандидат го искористил правото на правна заштита и поднел приговор до Управниот одбор на установата, кој по разгледување на наводите донел одлука со која приговорот е одбиен како неоснован.

Министерството за култура и туризам – Сектор за управен и инспекциски надзор ја извести ДКСК дека не е надлежно да постапува по наводи кои се однесуваат на законитоста на постапки за вработување и прашања од работни односи, и дека за истите е надлежен Државниот инспекторат за труд.

Во одговор на барањето на ДКСК, Државниот инспекторат за труд достави Известување со архивски број ----- од 23.02.2026 година, во кое е наведено дека по барањето на ДКСК е извршен вонреден инспекциски надзор во ЈОУ Дом на културата „--------“ – ------. За извршениот надзор е составен Записник ИП1 број ---- од 20.02.2026 година, од кој произлегува дека е извршен увид во целокупната документација поврзана со постапката за вработување по јавниот оглас, при што е утврдено дека работодавачот обезбедил согласност за вработување од надлежните институции, јавниот оглас бил објавен согласно прописите, Комисијата за спроведување на постапката била формирана од Министерството за култура и туризам, постапката за селекција била спроведена во сите предвидени фази, донесена била одлука за избор врз основа на предлог на Комисијата, поднесениот приговор бил разгледан од Управниот одбор и одбиен како неоснован, а по конечноста на одлуката со избраниот кандидат бил склучен договор за вработување и истиот бил пријавен во задолжително социјално осигурување. Во записникот е констатирано дека постапката за вработување е спроведена согласно одредбите од Законот за

културата и прописите од областа на работните односи, при што не се утврдени неправилности или недостатоци, поради што постапката по извршениот надзор е запрена.

Имајќи го предвид наведеното, како и фактот дека по наводите од пријавата постапувал надлежен инспекциски орган кој не утврдил неправилности, ДКСК оцени дека не се обезбедени докази што упатуваат на постоење на политичко влијание, злоупотреба на службена положба, судир на интереси или други облици на корупитвно однесување.

Со оглед на тоа што не се исполнети услови за понатамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: m-r S.D., член/anëtar

Доставено до:
- подносителот на пријавата